# Лувр и Македонија ќе ги чуваат делата на Висулчева

21 ноември 2011 - 16:29

Like 0 Share




На сцената на Македонската опера и балет вечерва во 20 часот ќе се одржи Балетска вечер по повод 100 години од раѓањето на Кераца Висулчева - современа македонска сликарка, чии дела може да се видат и во познатиот париски музеј Лувр. Кераца Висулчева својот творечки век го има реализирано во неколку држави Франција, Бугарија и Македонија. Својот живот го завршува во својата родна земја Македонија, а своето целокупно творештво од над петстотини (500) дела (слики, пастели, акварели, скулптури) го остави во трајна сопственост на македонската држава. Нејзината последна желба беше уметничките дела да не се продаваат, туку да останат како дел од националното богатство на Македонија. Делата во моментов се наоѓаат во Музејот на Македонија, а делумно и во нејзиниот стан што и е доделен од страна на нашата држава. Дел од творештвото се наоѓа и во Лувр, Франција.

Вечерва, во рамките на програмата ќе биде изведен балетот "Шпајз" во кореографија на Ивана Коцевска, "Предавање на душата" во кореографија на Саша Ефтимова, како и делови од повеќе балетски претстави.




**Апарат за ладење**

Arctic Cooler го разладува, прочистува и освежува воздухот за само 2.490 ден...